# Агендата 2030 за одржлив развој, безбедносниот сектор и родовата рамноправност

Оваа политика е дел од *Збирката алатки за родот и безбедноста* на Центарот за управување со безбедносниот сектор (DCAF), ОБСЕ/ОДИХР и UN Women, којашто ги обединува на едно место главните поуки од изминатата декада од промовирањето на родовата рамноправност и интегрирањето на родовата перспектива во безбедносниот и правосудниот сектор.

Оваа политика се фокусира на една глобална иницијатива за политики релевантна за безбедносниот и правосудниот сектор - Агендата за одржлив развој 2030. Според Агендата 2030 „*одржливиот развој не може да се оствари без мир и безбедност; а мирот и безбедноста ќе бидат изложени на ризик без постоење на одржлив развој*“.[i]

Оваа политика:

- објаснува како Агендата 2030 го препознава доброто управување со безбедносниот и правосудниот сектор како клучно за одржливиот развој
- истражува како Агендата 2030 го позиционира постигнувањето на родовата рамноправност како клучен чекор за остварување на сите цели за одржлив развој (ЦОР), вклучително и ЦОР16 за мир, правда и силни институции
- ги илустрира конкретните врски помеѓу активностите за остварување на ЦОР 16 и на ЦОР 5 во однос на родовата рамноправност, како и дава упатувања кон детални информации и насоки во рамки на *Збирката алатки за родот и безбедноста*
- истакнува како родово-одговорното собирање податоци од страна на безбедносниот и правосудниот сектор може да помогне во активностите за реализација на Агендата 2030.

Оваа политика е наменета за креаторите на политики, националните министерства и безбедносните и правосудни институции заинтересирани за вклучување на безбедносниот и правосудниот сектор во реализирањето на целите од Агендата 2030. Додека оваа политика се фокусира на нормативната рамка на Агендата 2030, поврзаните алатки на коишто таа упатува даваат детални насоки за тоа како да се извршат промените неопходни за постигнување на целите од Агендата.

---

i Генерално собрание на ОН (2015) “Трансформирање на нашиот свет: Агенда за одржлив развој 2030”, 21 октомври, Док. на ОН A/RES/70/1, став. 35.

DCAF Geneva Centre for Security Sector Governance

UN WOMEN

## Агендата 2030 и доброто управување со безбедносниот сектор

Агендата за одржлив развој 2030 претставува повик за трансформативно дејствување од страна на сите земји со цел постигнување мир и просперитет за сите луѓе и заштита на планетата. Усвоена од сите земји-членки на ОН во септември 2015 година, Агендата 2030 идентификува 17 меѓусебно поврзани цели за одржлив развој, на коишто беа додадени 169 конкретни цели (таргети) и 232 индикатори. Целите за одржлив развој (ЦОР) се осврнуваат на глобалните предизвици поврзани со сиромаштијата, родовата нерамноправност, климата, деградацијата на животната средина, неправдата и насилството.

ЦОР 16 е централниот столб во пристапот на Агендата 2030 кон мирот и безбедноста: таа има за цел „Промовирање на мирољубиви и инклузивни општества за одржлив развој, обезбедување пристап до правда за сите и градење ефективни, отчетни и инклузивни институции на сите нивоа“. Усвојувањето на ЦОР 16, каде официјално развојот се поврзува со мирот и безбедноста, беше поздравено како процес на трансформација. Претходните пристапи кон „мирот“ во рамки на системот на ОН најчесто се фокусираа на хуманитарни операции, примирја, мировнички мисии и разоружување, при што не ги земаа предвид економските и социјалните форми на развој.[1]

Агендата 2030 има визија за „мирољубиви, правични и *инклузивни општества коишто обезбедуваат еднаков пристап до правда и кои се засновани на почитување на човековите права ..., на ефективно владеење на правото и добро управување на сите нивоа и транспарентни, ефективни и отчетни институции*“.[i] Ги препознава нееднаквоста и лошото управување како причинители на насилство, небезбедност и неправда. Конкретните цели на ЦОР 16 (видете во Рамка 1) вклучуваат намалување на насилството, ставање крај на насилството врз децата, еднаков пристап до правда за сите и ефективни, отчетни и транспарентни институции.

Концептот на добро управување, кога истиот се применува во рамки на безбедносниот и правосудниот сектор, подразбира постоење на отчетни безбедносни и правосудни институции кои обезбедуваат безбедност и правда како јавно добро преку воспоставени и транспарентни политики и практики и во склоп на нормативна рамка усогласена со човековите права и владеењето на правото.ii ЦОР 16 претставува експлицитно уважување на важноста на доброто управување во безбедносниот сектор во поддршка на развојот и градењето мир.

**Рамка 1: Конкретни цели за ЦОР 16**

| Промовирање мирољубиви и инклузивни општества за одржлив развој, обезбедување пристап до правда за сите и градење ефективни, отчетни и инклузивни институции на сите нивоа |
|---|
| 16.1 Значително да се намалат сите форми на насилство и стапките на смртност поврзани со него насекаде |
| 16.2 Да се стави крај на злоупотребата, експлоатацијата, трговијата и сите форми на насилство и тортура врз децата |
| 16.3 Да се промовира владеењето на правото на национално и на меѓународно ниво и да се обезбеди еднаков пристап до правда за сите |
| 16.4 До 2030 година, значително да се намалат незаконските финансиски текови и проток на оружје, да се зајакне одземањето и повратот на незаконски стекнат имот и да се сузбијат сите форми на организиран криминал |
| 16.5 Значително да се намалат корупцијата и поткупот во сите нивни форми |
| 16.6 Да се развијат ефективни, отчетни и транспарентни институции на сите нивоа |
| 16.7 Да се обезбеди одговорно, инклузивно, партиципативно и репрезентативно носење одлуки на сите нивоа |
| 16.8 Да се рашири и зајакне учеството на земјите во развој во институциите за глобално владеење |
| 16.9 До 2030 година, да се обезбеди правен идентитет за сите, вклучително евидентирање на раѓањето |

i Генерално собрание на ОН (2015) “Трансформирање на нашиот свет: Агенда за одржлив развој 2030”, 21 октомври, Док. на ОН A/RES/70/1, став. 35.

ii За поцелосно објаснување на начелата за добро управување со безбедносниот сектор, видете во DCAF (2015) „Управување со безбедносниот сектор: Примена на начелата на добро управување во безбедносниот сектор“.



| Промовирање мирољубиви и инклузивни општества за одржлив развој, обезбедување пристап до правда за сите и градење ефективни, отчетни и инклузивни институции на сите нивоа |
|---|
| 16.10 Да се обезбеди јавен пристап до информации и заштита на основните слободи во согласност со националното законодавство и меѓународните договори |
| 16.a Да се зајакнат релевантните национални институции, вклучително преку меѓународна соработка, за градење капацитети на сите нивоа, особено во земјите во развој, за спречување насилство и сузбивање тероризам и криминал |
| 16.б Да се промовираат и спроведуваат недискриминаторски закони и политики за одржлив развој |

## Агендата 2030, родовата рамноправност и вклучувањето на родовата перспектива

Доброто управување со безбедносниот сектор и мотото „никој да не биде запоставен“ подразбира да бидат земени предвид безбедносните потреби на сите и да се обезбеди пристап до правда за сите. Мерките за обезбедување родова рамноправност се составен дел од ефективното владеење на правото, обезбедувањето пристап до правда за сите и постоењето на ефективни, отчетни и инклузивни институции. Во сите контексти на глобално ниво, жените и девојчињата се засегнати од небезбедност, штетни практики, насилство и конфликт. Небезбедноста на жените е честопати засилена со вкрстени форми на дискриминација засновани на фактори како што се нивната возраст, раса, етничка и религиска припадност, попреченост, општествена класа, сексуална ориентација и/или родов идентитет. На пример, сиромашните жени од руралните предели честопати наидуваат на особени бариери во пристапот до безбедносните и правосудните услуги. За да бидат ефективни, безбедносниот и правосудниот сектор мора да обезбедат услуги што ќе одговорат на различните безбедносни и правни потреби на жените и девојчињата. За да бидат отчетни *и инклузивни*, безбедносниот и правосудниот сектор мора да го уважат застапувањето на жените и девојчињата и да обезбедат нивно вклучување во безбедносните и правосудните институции и во одлучувањето. Оттука може да се каже дека напорите за промовирање на родовата рамноправност, како составен дел од доброто управување со безбедносниот сектор, и напорите за искоренување на родово-базирано насилство (РБН) треба да бидат дел од сите активности насочени кон остварување на ЦОР 16.[i]

Суштински дел од визијата на Агендата 2030 е да се „постигне родова рамноправност и да се зајакнат сите жени и девојчиња“, како што е наведено и во ЦОР 5. Конкретните цели на ЦОР 5 (видете во Рамка 2) вклучуваат ставање крај на дискриминацијата врз жените и девојчињата, елиминирање на сите форми на насилство врз сите жени и девојчиња и обезбедување целосно и ефективно учество на сите жени и еднакви можности за лидерство на сите нивоа од јавниот живот. Агендата 2030 препознава дека постигнувањето родова рамноправност и зајакнувањето на жените и девојчињата претставува суштински придонес кон напредок во однос на сите цели и таргети (конкретни цели): „Постигнувањето целосен човечки потенцијал и одржлив развој не е возможно ако на една половина од човештвото и понатаму им се ускратуваат целосните човекови права и можности.“[ii]

i За подетална дискусија за начелата за добро управување со безбедносниот сектор и за тоа како и тие наложуваат родова еднаквост, видете во Алатката 1, „Управување со безбедносниот сектор, реформа на безбедносниот сектор и родот“.

ii Генерално собрание на ОН (2015) “Трансформирање на нашиот свет: Агенда за одржлив развој 2030”, 21 октомври, Док. на ОН A/RES/70/1, став. 35.

**Рамка 2: Конкретни цели за ЦОР 5**

| Постигнување родова рамноправност и зајакнување на сите жени и девојчиња |
|---|
| 5.1 Да се стави крај на сите форми на дискриминација кон сите жени и девојчиња насекаде |
| 5.2 Да се елиминираат сите форми на насилство врз сите жени и девојчиња во јавната и приватната сфера, вклучително трговијата и сексуалната и други форми на експлоатација |
| 5.3 Да се елиминираат сите штетни практики, како што се детски, рани и принудни бракови и женска генитална мутилација |
| 5.4 Да се признае и вреднува неплатената грижа и домашната работа преку обезбедување јавни услуги, инфраструктура и политики за социјална заштита и промовирање споделена одговорност во рамки на домаќинството и семејството онака како што е соодветно во државата |
| 5.5 Да се обезбеди целосно и ефективно учество на жените и еднакви можности за лидерство на сите нивоа на одлучување во политичкиот, економскиот и јавниот живот |
| 5.6 Да се обезбеди универзален пристап до сексуално и репродуктивно здравје и репродуктивни права како што е договорено согласно Програмата за акција на Меѓународната конференција за население и развој и Пекиншката платформа за акција и документите произлезени од нивните конференции за евалуација |
| 5.а Да се преземат реформи за да им се дадат на жените еднакви права на економски ресурси, како и пристап до сопственииштво и контрола врз земјиште и други форми на имот, финансиски услуги, наследство и природни ресурси, во согласност со националните закони |
| 5.б Да се унапреди користењето овозможувачки технологии, особено информациски и телекомуникациски технологии, со цел унапредување на зајакнувањето на жените |
| 5.в Да се усвојат и зајакнат здрави политики и спроведливо законодавство за промовирање родова рамноправност и зајакнување на сите жени и девојчиња на сите нивоа |

Жените и девојчињата не може да уживаат целосна рамноправност ако не уживаат безбедност и правда. За да се стави крај на дискриминацијата, насилството и штетните практики кон жените и девојчињата, за да се обезбеди рамноправен пристап, рамноправно учество и можности за лидерство и за се спроведуваат закони за родова рамноправност, неопходни се безбедносен и правосуден сектор коишто ќе работат согласно начелата за добро управување. Ефективниот безбедносен и правосуден сектор којшто работи согласно такви начела им овозможува на жените да станат порамноправни партнери во одлучувањето и во развојот. Тоа подразбира интегрирање на родовата рамноправност во обезбедувањето, управувањето и надзорот над безбедноста и правосудството. Како такво, остварувањето на ЦОР 5 наложува истовремено напредок во однос на ЦОР 16.[i]

Насекаде низ Агендата 2030 се вклучени родово-специфични конкретни цели. Дури и кога родовите прашања не се експлицитно истакнати во целта или во конкретната цел, „систематското вклучување на родовата перспектива" е идентификувано како неопходно. Тоа значи дека во која било активност за спроведување на Агендата 2030, без разлика дали станува збор за законодавство, политики или програми, импликациите за жените, мажите, девојчињата и момчињата треба внимателно да се проценуваат во секоја фаза и за секое ниво. Загриженостите и искуствата, како на жените, така и на мажите, треба да бидат составна димензија при дизајнирањето, спроведувањето, следењето и евалуацијата на политиките и програмите.[2]

Ефективното вклучување на родовата перспектива во рамки на безбедносниот и правосудниот сектор треба да препознае како сексуалната и родовата дискриминација се поврзани со другите форми на дискриминација. Тоа вклучува осврнување на различните форми на исклученост, дискриминација, насилство и неправда што ја трпат луѓе кои се дел од заедницата на лезбејки, геј мажи, бисексуалци, трансродови лица и интерсексуалци (ЛГБТИ) (видете во Рамка 3).

i За поцелосна дискусија за поврзаноста помеѓу инклузијата на жените, одлучувањето и ефективноста, погледнете во Алатката 1, „Управување со безбедносниот сектор, реформа на безбедносниот сектор и родот".



**Рамка 3: Осврнување на дискриминацијата кон ЛГБТИ лицата преку Агендата 2030**

Очекувањата во однос на сексуалното однесување, сексуалната ориентација, родовиот идентитет и родовото изразување се дел од начинот на кој општествата ги градат родот и родовите улоги. Истите патријархални системи, коишто ја наметнуваат и одржуваат родовата нерамноправност, се основа за дискриминација и насилство врз лица кои се ЛГБТИ и други лица со различна сексуална ориентација и родов идентитет или родово изразување. Дискриминацијата кон ЛГБТИ лицата придонесува за насилство и го засилува насилството на кое тие се изложени секојдневно, при што се создава средина во која ним им се ускратени можностите во сите аспекти од нивното живеење.

Иако Агендата 2030 експлицитно не ги наведува ЛГБТИ лицата, нејзината заложба никој да не биде запоставен мора да ги опфаќа луѓето со различна сексуална ориентација и различен родов идентитет и родово изразување. Постигнувањето родова рамноправност (ЦОР 5) мора да ја вклучува рамноправноста на лезбејките, бисексуалките, трансродовите и интерсексуалните жени и девојки. Остварувањето пристап до правда и инклузија (ЦОР 16) наложува тие да ги вклучуваат ЛГБТИ лицата. Посветеноста на ОН кон оваа заложба е дополнително покажана низ различните активности и заеднички изјави на ОН за ставање крај на насилството и дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација или родов идентитет.

*Извори: Канцеларија на Високиот комесар за човекови права на ОН (UNOHCHR) (2018) "Ниту едно ЛГБТИ лице да не биде запоставено: Изјава на експерти за човекови права по повод Меѓународниот ден против хомофобијата, трансфобијата и бифобијата", 17 мај; Egale Canada Human Rights Trust (2017) Вклучување на ЛГБТИ перспективата во целите за одржлив развој во Канада: Да не се запоставаат LGBTQI2S заедниците, Торонто, Онтарио: Egale Canada Human Rights Trust, стр.8.*

Агендата 2030 не е единствената рамка на политики којашто ја поврзува родовата рамноправност со безбедноста и правдата. Конкретните цели од ЦОР 5 ги одразуваат заложбите дадени во Пекиншката декларација од 1995 година и во Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените од 1979 година. „Агендата за жени, мир и безбедност" веќе ја постави високо на меѓународната агенда важноста на родовата рамноправност во услови на конфликт, мировни процеси и пост-конфликтни состојби.[i] Со фокус на инклузивноста во ЦОР 16 и на рамноправното учество во ЦОР 5, Агендата 2030 ги афирмира нормите од „Агендата за жени, мир и безбедност" во однос на важноста од целосно учество на жените во сите фази и сфери од мировните процеси и решавањето конфликти.[3] ЦОР 5 и ЦОР 16 нудат (по)долгорочен, развојно-фокусиран пристап кон мирот, притоа истакнувајќи ја важноста да се адресираат основните причини и двигатели на конфликт.[4]

## Како безбедносниот и правосудниот сектор може да придонесат во остварувањето на Агендата 2030?

Остварувањето на целите од Агендата 2030 наложува силна вклученост на институции од јавниот сектор, вклучително оние во рамки на безбедносниот и правосудниот сектор, како и на нивните надзорни механизми, вклучително националните институции за човекови права (НИЧП). Активностите за остварување на ЦОР може да бидат поттик за државите да ја проверат ефективноста и отчетноста на своите институции од безбедносниот и правосудниот сектор во однос на секоја од ЦОР. Исполнувањето на конкретните цели од ЦОР во повеќето земји ќе наложи одреден степен на институционална трансформација на надзорот, управувањето и на услугите на институциите од безбедносниот и правосудниот сектор. И обратно, ако безбедносниот и правосудниот сектор функционираат на тој начин што ги зајакнуваат нерамноправноста и исклученоста, тоа ќе ја оневозможи државата да ги оствари ЦОР.

i За поцелосна дискусија за „Агендата за жени, мир и безбедност", погледнете ја политиката насловена „Пристапот на управување со безбедносниот сектор кој ги зема предвид жените, мирот и безбедноста".

Клучен аспект од Агендата 2030 е одомаќинувањето (или локализацијата) на ЦОР во рамки на националните, регионалните и локалните развојни планови и буџетски распределби. Тоа им дава можност на државите да ги адаптираат глобалните конкретни цели и индикатори на нивните национални услови. Системот на ОН и други меѓународни, регионални и национални организации, вклучително и националните статистички служби, работат заедно на осмислување на начини на кои да се мерат и прибираат податоците неопходни за следење на напредокот во однос на индикаторите идентификувани за секоја ЦОР.[i]

## Како безбедносниот и правосудниот сектор може да ги остварат надополнувањата помеѓу ЦОР 5 и ЦОР 16?

Поради меѓусебните зависности помеѓу доброто управување со безбедносниот сектор и родовата рамноправност објаснети претходно, има синергии што треба да се идентификуваат во ЦОР 5 и ЦОР 16. Иако ЦОР 16 нема експлицитни родово-специфични конкретни цели, има родово-специфични индикатори, како што се пристапот до правда за сите и ефективните, отчетни *и инклузивни институции кои не може да се постигнат без родова рамноправност. Поставувањето на националните и локалните конкретни цели и индикатори*, како и собирањето податоци во врска со ЦОР 16, треба да ја вклучат родовата перспектива, како и да бидат координирани во насока на постигнување родова рамноправност. Оттука, Агендата 2030 може да послужи како рамка преку која може да се постигне поефикасна координација по овие прашања која би вродила со заемна корист, како во однос на напредокот во пристапот до правда и инклузија, така и во однос на родовата рамноправност.

Следниве потточки даваат пример за три полиња на дејствување кои се во основата на ЦОР 16 и ЦОР 5: дискриминација, насилство и учество и одлучување. Тие појаснуваат зошто безбедносниот и правосудниот сектор треба да се фокусираат на родовата рамноправност при третирањето на овие прашања, и даваат упатувања кон подетални насоки за истото во други делови од оваа Збирка алатки за родот и безбедноста.

### Дискриминација

ЦОР 5 и ЦОР 16 имаат комплементарни конкретни цели поврзани со дискриминацијата.[ii]

| Конкретна цел | Индикатори |
|---|---|
| 16.б Да се промовираат и спроведуваат недискриминаторски закони и политики за одржлив развој | 16.б.1 Процент на населението кое пријавило дека лично се почувствувало дискриминирано или вознемирено во претходните 12 месеци според основи на дискриминација забранети со меѓународното право за човекови права |
| 5.1 Да се стави крај на сите форми на дискриминација кон сите жени и девојчиња насекаде | 5.1.1 Без разлика дали има воспоставени правни рамки за промовирање, спроведување и следење на рамноправноста и недискриминацијата врз основа на пол |

Дискриминацијата врз основа на пол, сексуална ориентација или родов идентитет или родово изразување е забранета со меѓународното право за човекови права. И покрај тоа, голем број земји и понатаму имаат дискриминаторски закони во однос на прашања поврзани со родово-базирано насилство, семејно насилство, сопственост на земјиште, брак, старателство, наследство, вработување и сексуална ориентација. На пример, законите што се однесуваат на родово-базирано насилство обично исклучуваат одредени жртви. Истополовите односи помеѓу жени претставуваат кривично дело во 45 земји, а помеѓу мажи во 72 земји.[5] Во голем број контексти, дури и кога законот не е отворено дискриминаторски, навидум „неутралната“ примена на законот има дискриминаторски ефекти врз жените.[iii]

i За глобалната рамка на индикатори за ЦОР и конкретните цели од Агендата 2030, погледнете во https://unstats.un.org/sdgs/indicators/indicators-list.

ii ЦОР 10, „Намалување на нееднаквоста во рамки на земјите и помеѓу нив“, исто така, има цел и конкретна цел поврзана со дискриминаторски закони, политики и практики.

iii Прочитајте го делот 2 од Алатката 4, „Правдата и родот“, за објаснување со податоци и примери за родово-базираната дискриминација во законите, политиките и во практиката.



Новите и подобрени закони придонесоа во справувањето со родово-базираната дискриминација и општата нееднаквост низ светот. Меѓутоа, законските реформи не се доволни. За да се стави крај на дискриминацијата, неопходно е градење на структури, знаења и вештини во рамки на безбедносниот и правосудниот сектор, за да се обезбеди дека законите се спроведуваат на недискриминаторски начин, како и дека пристапот до правда е недискриминаторски. Безбедносните и правосудните институции и нивните вработени треба да бидат подготвени и способни ефективно да одговорат на различните безбедносни и правни потреби на мажите, момчињата, жените и девојчињата, и на луѓето со различна сексуална ориентација и различен родов идентитет и родово изразување. Новите политики и процедури, родово-фокусираните организациски структури, родовите обуки, јавните кампањи, мерките насочени кон РБН, внатрешните механизми за следење и вклучувањето на неформални даватели на услуги поврзани со безбедноста и правдата, сите тие имаат своја улога.

Исто така, неопходно е да се стави крај на дискриминацијата врз жените и ЛГБТИ лицата кои работат во безбедносниот и правосудниот сектор. Потребна е трансформација на институционалната култура преку силно лидерство, кадровски политики и практики, обука и дијалог, поткрепени со цврсти механизми за внатрешна контрола.

Неколку од алатките во Збирката алатки за родот и безбедноста даваат детални насоки за тоа како безбедносните и правосудните служби може да обезбедат и да помогнат за недискриминација.[i]

Парламентите, институциите на народниот правобранител, националните институции за човекови права и граѓанските организации имаат важна улога во надворешниот надзор над безбедносниот и правосудниот сектор. Тие може да бараат одговорност од безбедносните и правосудните институции во случај на необезбедување рамноправност во пристапот до правда и недискриминација, вклучително кон жени, девојчиња и лица од ЛГБТИ заедницата.[ii]

### Насилство

ЦОР 5 и ЦОР 16 имаат комплементарни конкретни цели поврзани со насилството.

| Конкретна цел | Индикатори |
|---|---|
| 16.1 Значително да се намалат сите форми на насилство и стапките на смртност поврзани со него насекаде | 16.1.1 Број на жртви на намерни убиства на 100.000 жители, според пол и возраст<br>16.1.2 Смртни случаи поврзани со конфликти на 100.000 жители, според пол, возраст и причина<br>16.1.3 Процент на население подложено на (а) физичко насилство, (б) психолошко насилство и (в) сексуално насилство во изминатите 12 месеци<br>16.1.4 Процент на население коешто се чувствува безбедно да се движи без придружба во местото на живеење |

i Видете во Алатката 2, „Полициското работење и родот“, Алатката 4, „Правдата и родот“, Алатката 5, „Местата за лишување од слобода и родот“ и во Алатката 6, „Управувањето со границите и родот“.

ii Алатката 7, „Парламентарниот надзор над безбедносниот сектор и родот“, објаснува како да се зајакне недискриминацијата во однос на надворешниот надзор.

За детални насоки и контролни листи за интегрирање на родовата перспектива во надзорот врз полицијата, вооружените сили, институциите на народниот правобранител и националните комисии за човекови права, видете во DCAF, ОБСЕ и ОБСЕ/ОДИХР (2014)Забелешки со насоки за интегрирање на родовата перспектива во надзорот врз безбедносниот сектор.

*Во врска со надзорот од граѓанското општество, видете во DCAF, ОБСЕ/ОДИХР, UN-INSTRAW (2008)* “Надзор од граѓанското општество врз безбедносниот сектор и родот”, Алатка 9 во *Збирката алатки за родот и реформата на безбедносниот сектор.*

| Конкретна цел | Индикатори |
|---|---|
| 16.2 Да се стави крај на злоупотребата, експлоатацијата, трговијата и сите форми на насилство и тортура врз децата | 16.2.1 Процент на деца на возраст од 1-17 години кои искусиле какво било физичко казнување и/или психолошка агресија од страна на старателите во изминатиот месец<br>16.2.2 Број на жртви на трговија со луѓе на 100.000 жители, според пол, возраст и форма на експлоатација<br>16.2.3 Процент на млади мажи и жени на возраст помеѓу 18-29 години кои искусиле сексуално насилство до нивна 18 годишна возраст |
| 5.2 Да се елиминираат сите форми на насилство врз сите жени и девојчиња во јавната и приватната сфера, вклучително трговијата и сексуалната и други форми на експлоатација | 5.2.1 Процент на жени и девојчиња кои некогаш имале партнер, на возраст од 15 години па нагоре, изложени на физичко, сексуално или психолошко насилство од сегашниот или од некој поранешен интимен партнер во изминатите 12 месеци, според форма на насилство и возраст<br>5.2.2 Процент на жени и девојчиња на возраст од 15 години па нагоре, изложени на сексуално насилство од лице кое не е нивниот интимен партнер во изминатите 12 месеци, според возраст и место на случување |
| 5.3 Да се елиминираат сите штетни практики, како што се детски, рани и принудни бракови и женска мутилација | 5.3.1 Процент на жени на возраст од 20-24 години кои се омажиле или стапиле во заедница пред да наполнат 15 и пред да наполнат 18 години<br>5.3.2 Процент на девојчиња и жени на возраст од 15-49 години кои биле подложени на женска генитална мутилација/обрежување, според возраст |

Животите на голем број жени, девојчиња, мажи и момчиња се карактеризирани со насилство. Светската здравствена организација проценува дека 35 проценти од жените низ светот искусиле сексуално насилство од лице кое не е нивен интимен партнер или физичко и/или сексуално насилство од интимниот партнер.[6]Лицата кои се дел од ЛГБТИ заедницата се честопати изложени на зголемен ризик од насилство. Сите случаи на родово-базираното насилство и кривични дела против ЛГБТИ лицата не се пријавуваат поради немање доверба во полициските и правните служби и процеси.[7]

Службите за безбедност и правда, како што се полицијата, судовите, местата за лишување од слобода, граничните служби и центрите за задржување на имигранти, мора да ги подобрат начините на сузбивање на сите форми на родово-базирано насилство. Во голем број контексти, напредокот вклучуваше мерки, како што се специјализирани процедури и инфраструктура за одговор на родово-базирано насилство; заштита и услуги за жртвите/спасените лица; женски полициски станици; родови единици и родови претставници; обука и професионален развој за родово-базирано насилство; мрежи за врска за жени и ЛГБТИ лица; и соработка со даватели на услуги за безбедност и правда кои не се дел од државниот систем. Безбедносните служби мора да имаат воспоставени мерки со кои препознаваат и реагираат на фактот дека нивниот персонал понекогаш се јавува во улога на сторители на дела на вознемирување и насилство, како кон членови на јавноста, така и кон нивните колеги.

Неколку од алатките во Збирката алатки за родот и безбедноста даваат детални насоки за тоа како безбедносните и правосудните служби можат подобро да одговорат на насилството и да придонесат за негова превенција.[i]

i Видете во Алатката 2, „Полициското работење и родот“, Алатката 4, „Правдата и родот“, Алатката 5, „Местата за лишување од слобода и родот“, и Алатката 6, „Управувањето со границите и родот“.



Институциите на народниот правобранител и националните институции за човекови права честопати имаат мандат којшто им овозможува да истражуваат наводи за насилство во рамки на безбедносниот сектор. Тие, заедно со парламентите и граѓанското општество, играат клучна улога во следење на тоа како безбедносните и правосудните институции реагираат на насилство, вклучително кон жени, девојчиња и ЛГБТИ лица, и како постапуваат за да го превенираат.[i]

## Учество и одлучување

Конкретните цели на Агендата 2030 поврзани со одлучувањето се уште еден пример за комплементарноста помеѓу конкретните цели за ЦОР 5 и ЦОР 16.

| Конкретна цел | Индикатори |
|---|---|
| 16.7 Да се обезбеди одговорно, инклузивно, партиципативно и репрезентативно носење одлуки на сите нивоа | 16.7.1 Процент на позиции (според пол, возраст, лица со попреченост и популациски групи) во јавни институции (национални и локални законодавни институции, јавни служби и правосудство) во споредба со националната распределба<br>16.7.2 Процент на населението кое верува дека одлучувањето е инклузивно и одговорно, според пол, возраст, попреченост и популациски групи |
| 5.5 Да се обезбеди целосно и ефективно учество на жените и еднакви можности за лидерство на сите нивоа на одлучување во политичкиот, економскиот и јавниот живот | 5.5.1 Процент на пратенички места кои ги држат жени во (а) националниот парламент и (б) локалните влади<br>5.5.2 Процент на жени на раководни позиции |

Жените се недоволно застапени во рамки на безбедносните и правосудните институции. Иако податоците на глобално ниво се оскудни, една неодамнешна анализа за застапеноста на жени во полициските служби утврди дека нивната застапеност се движи помеѓу 6 проценти и 48 проценти.[ii] Жените сочинуваат во просек околу само 10 проценти од вкупниот воен персонал на земјите-членки на НАТО и земјите-учеснички на ОБСЕ.[iii] Една анализа од 2016 година што опфати 47 земји-членки на Советот на Европа утврди дека само 37 проценти од судиите во врховните судови се жени.[8] Недоволната застапеност на жените е уште повидлива во високите нивоа на одлучување, што укажува на суштински пропусти во остварувањето на правото на жените за рамноправно учество во вработувањето и во јавните институции. Освен тоа, недостигот на женски кадар ги оневозможува безбедносниот и правосудниот сектор да обезбедат ефективни услуги во сите делови од заедницата.

Жените се, исто така, недоволно застапени во законодавните институции во скоро сите земји. Во април 2019 година, само 24,3 проценти од пратениците во светот биле жени, а само во 46 земји застапеноста на жените била над 30 проценти.[iv]

i За детални насоки и контролни листи за интегрирање на родовата перспектива во надзорот врз полицијата, вооружените сили, институциите на народниот правобранител и националните комисии за човекови права, видете во DCAF, ОБСЕ, ОБСЕ/ОДИХР (2014)Забелешки со насоки за интегрирање на родовата перспектива во надзорот врз безбедносниот сектор.

Мерките коишто парламентите може да ги преземат во однос на родово-базираното насилство се предвидени во Алатката 7 „Парламентарниот надзор над безбедносниот сектор и родот“.

ii Видете ги податоците претставени во Алатката 2, „Полициското работење и родот“.

iii Видете ги податоците претставени во Алатката 3, „Одбраната и родот“.

iv Податоци за застапеност на жените во националните парламенти објавува Интерпарламентарната унија, https://data.ipu.org.

Недоволната застапеност на жените се должи на институционални родови предрасуди и дискриминација. Неколку од алатките во Збирката алатки за родот и безбедноста предвидуваат начини на кои институциите од безбедносниот и правосудниот сектор и парламентите може да станат поинклузивни во однос на жените и другите недоволно застапени групи и да обезбедат еднакви можности. Клучните пристапи вклучуваат подобрување на кадровските процеси, поттикнување на професионалното здружување и обликување на дијалогот и промените во културата на институциите.[i]

Постигнувањето инклузија, учество и застапеност во безбедносниот и правосудниот сектор не подразбира само постигнување порамномерен баланс помеѓу машкиот и женскиот персонал, туку подразбира и ангажирање на граѓанското општество, особено на групите на жени, ЛГБТИ здруженијата и претставниците на други маргинализирани групи, во процесите на одлучување во однос на безбедноста, приоритетите, обезбедувањето и надзорот. Потребни се истовремено механизми за формална консултација, како и тековни практики за обезбедување добри односи помеѓу заедниците и безбедносниот сектор. Голем број од алатките во Збирката алатки за родот и безбедноста предвидуваат пристапи преку кои институциите од безбедносниот и правосудниот сектор и парламентите може да го зајакнат својот ангажман во заедницата.[ii]

## Подобрување на прибирањето податоци за ЦОР во рамки на безбедносниот и правосудниот сектор

Друга област во која безбедносниот и правосудниот сектор може да придонесат во остварувањето на ЦОР е преку подобрување на начинот на којшто тие ги собираат податоците и преку соработка со други државни чинители во насока на подобрување на процесот на прибирање податоци на национално ниво. Податоците и доказите се моќно орудие за барање отчетност од владите и институциите во однос на родовата рамноправност, тие можат невидливото да го направат видливо и да ги променат законите, политиките и буџетските решенија. Собирањето податоци што би служеле како референтни вредности и преку кои би се следел напредокот во остварувањето на Агендата 2030 и понатаму претставува предизвик во голем број земји каде што пропусти се постојано присутни во однос на податоците за родова рамноправност и податоците разделени според пол.[9]

Рамката на показатели за ЦОР 5 и ЦОР 16 треба да биде почетна точка за безбедносниот и правосудниот сектор во собирањето податоци, а не „плафон" за можностите. Иако некои индикатори наложуваат податоците да бидат разделени според пол, возраст или попреченост, сите не бараат стриктно разделување. Како и да е, институциите на безбедносниот и правосудниот сектор треба да се погрижат сите податоци што тие ги собираат да бидат разделени, и тоа најмалку според возраст и пол, а онаму каде што е можно и според други социјални фактори релевантни за нивниот контекст.[iii]

Создавањето потцели и подиндикатори врз база на рамката на индикатори на ЦОР ќе придонесе кон напорите на национално ниво за собирање на податоците неопходни за главните индикатори за секоја конкретна цел. Безбедносниот и правосудниот сектор може да креираат родово-специфични потцели за да придонесат кон конкретните цели на ЦОР 16. На пример, конкретната цел 16.1 се однесува на значително намалување на сите форми на насилство насекаде и на стапките на смртност поврзани со него. *За да се обезбеди вложување на здружени напори за одредени групи од популацијата, родово-специфична* потцел би можело да биде намалувањето на насилството врз жените од интимниот партнер и смртните случаи поврзани со тоа, и/или намалувањето на злосторствата од омраза кон ЛГБТИ лицата и смртните случаи поврзани со тоа.

i Стратегии за зголемување на учеството на жените и другите недоволно застапени групи се разработени во Алатката 1, „Управување со безбедносниот сектор, реформа на безбедносниот сектор и родот", Алатката 2, „Полициското работење и родот", Алатката 3, „Одбраната и родот", Алатката 4, „Правдата и родот", Алатката 5, „Местата за лишување од слобода и родот", Алатката 6, „Управувањето со границите и родот", Алатката 7, „Парламентарниот надзор над безбедносниот сектор и родот" и Алатката 14, „Разузнавањето и родот".

ii Стратегии за ангажман во заедницата се разработени во Алатката 1, „Управување со безбедносниот сектор, реформа на безбедносниот сектор и родот", Алатката 4, „Правдата и родот", и Алатката 7, „Парламентарниот надзор над безбедносниот сектор и родот".

iii Разделувањето на податоците со цел да се евидентираат полот и други меѓусебно поврзани фактори е разработено во Алатката 15, „Интегрирање на родот во дизајнирањето и следењето на проекти за безбедносниот и правосудниот сектор".



Во согласност со начелата за отчетност и транспарентност, безбедносните и правосудните институции треба да овозможат податоците што тие ги собираат и анализираат да бидат достапни за јавноста (земајќи ги предвид заштитата на личните податоци и елементите на приватност). Тоа овозможува чинителите кои вршат надворешен надзор, како што се националните парламенти, граѓанските организации, академските институции и медиумите, да прават свои сопствени анализи или да соработуваат со државните институции во истражувања од кои секторот би имал корист на долг рок.[i]

## Заклучоци

Безбедносниот и правосудниот сектор играат клучна улога во остварувањето на Агендата 2030 затоа што безбедноста и правдата се елементи неопходни за да може да има развој. Оваа политика ја одразува нормативната рамка на Агендата 2030 за мир, правда и силни институции и покажува како родовата рамноправност е неопходна за остварување на целите за добро управување и како активностите за остварување на ЦОР 5 може да го надополнат напредокот во остварувањето на ЦОР 16. Конкретните цели и индикаторите на Агендата 2030 кои се однесуваат на дискриминација, насилство и учество и одлучување, особено силно ги поврзуваат ЦОР 5 и ЦОР 16.

Збирката алатки за родот и безбедноста, од кои оваа политика е составен дел, нуди детална анализа, податоци и насоки кои може да се користат од безбедносниот и правосудниот сектор, како и од оние што работат со овие сектори, во поддршка на нивниот придонес кон остварувањето на ЦОР.

i Интегрирањето на родот во следењето и евалуацијата на проекти во безбедносниот и правосудниот сектор е разработено во Алатката 15, „Интегрирање на родот во дизајнирањето и следењето на проекти за безбедносниот и правосудниот сектор".

## Дополнителни ресурси

Глобална алијанса на национални институции за човекови права (GANHRI), ресурси за националните институции за човекови права и за ЦОР, https://nhri.ohchr.org/EN/Themes/SustDevGoals

Патоказ за мирољубиви, правични и инклузивни општества,https://www.sdg16.plus

ЦОР и ОБСЕ, https://www.osce.org/sustainable-development-goals

SDG Tracker, Мерење на напредокот во остварувањето на Целите за одржлив развој, https://sdg-tracker.org

УНДП (2018) "Родовата рамноправност како акцелератор за остварување на Целите на одржлив развој", документ за дискусија, Њујорк: УНДП.

Оддел за статистика на ОН, Индикатори за ЦОР: Архива на метаподатоци, https://unstats.un.org/sdgs/metadata

Платформа на знаење за Целите за одржлив развој на ОН, https://sustainabledevelopment.un.org

Ресурси на UN Women за Агендата 2030, https://www.unwomen.org/en/what-we-do/post-2015



## Референции


1. Д. М. Малон (2018) „За ЦОР 16: Мир, правда и силни институции", *Our World*, 14 мај, https://ourworld.unu.edu/en/sdg-16-peace-justice-and-strong-institutions; М. Мартинес-Солиман и О. Фернандес-Таранко (2017) „Одржлив развој и одржување мир: Две страни на истата монета", УНДП, 20 јули, https://www.undp.org/content/undp/en/home/blog/2017/7/20/Sustainable-development-and-sustaining-peace-Two-sides-of-the-same-coin.html.
2. Економски и социјален совет на ОН (1997) "*Резолуција на Економскиот и социјален совет на ОН 1997/2: Договорени заклучоци*", 18 јули, Резолуција 1997/2.
3. Меѓународна агенција за развој на жените (2016) „Глобалните цели: Жени, мир и безбедност", Мелбурн: IWDA, стр. 2–3.
4. А. Мелер-Лосвик и У. Кнудсен-Лата (2017) „Да извлечеме максимум од Целта 16 – Обезбедување родова перспектива", Лондон: Saferworld, стр. 3.
5. UN Women (2018) „Серии блогови на извршниот директор: Насилство врз ЛГБТИ лицата", UN Women, 8 декември, http://www.unwomen.org/en/news/stories/2017/12/op-ed-ed-phumzile-16days-day14.
6. Светска здравствена организација, Лондонска школа за хигиена и тропска медицина и Јужноафрички медицински истражувачки совет (2013) „Глобални и регионални процени за насилството врз жените: Преваленца и здравствени ефекти на насилството од интимен партнер и сексуалното насилство од лице кое не е интимниот партнер", Женева: СЗО.
7. Организација на Американските држави (2018) „Преглед на насилството врз ЛГБТИ лицата на американските континенти: Регистар за документирање на актите на насилство помеѓу 1 јануари 2013 година и 31 март 2014 година", OAS, 17 декември, http://www.oas.org/en/iachr/media_center/PReleases/2014/153A.asp.
8. Совет на Европа (2018) „Европски правосудни системи: Ефикасност и квалитет на правдата", CEPEJ студии бр. 26, Стразбур: Совет на Европа.
9. Еднакви мерки 2030 (2018) „Податоци што се двигатели на промени. Претставување на родовиот индекс на ЕМ2030 ЦОР", Вокинг: Еднакви мерки 2030, стр.7; Х. М. Нигард (2018) „ЦОР 16 Иницијатива за податоци: 2018 глобален извештај", ЦОР 16 Глобални извештаи за иницијативата за податоци 2, Осло: ЦОР 16 Иницијатива за податоци.

**Изработено** од Ана-Лена Шлухтер, Лорејн А. Серано и Меган Бастик.

**Благодарност до**
Центарот за управување со безбедносниот сектор (DCAF), ОБСЕ/ОДИХР и UN Women им се заблагодаруваат на Луис Едвардс и на Шон Тејт (APCOF), на Ана Мелер-Лосвик (FBA) и на Ранџани К. Марти за ревидирањето на нацрт-верзиите на оваа политика. Авторите, исто така, им се заблагодаруваат на Грациела Павоне и Џенифер Крофт (ОБСЕ/ОДИХР) и на персоналот на DCAF и на UN Women за нивниот придонес.

DCAF се заблагодарува за соработката на Швајцарија, Шведска и на Министерството за меѓународен развој на Обединетото Кралство во изработката на оваа политика.

ISBN: 92-9222-481-6

© DCAF, OSCE/ODIHR, UN Women, 2019

Се охрабрува користењето, преводот и споделувањето на оваа публикација. Меѓутоа, ве замолуваме да ги наведете и да ги цитирате материјалите и да не ја менувате содржината.

Користете го следниов цитат: Центар за управување со безбедносниот сектор (DCAF), ОБСЕ/ОДИХР и UN Women (2019) „Агендата за одржлив развој 2030, безбедносниот сектор и родовата рамноправност", во Збирката алатки за родот и безбедноста, Женева: DCAF, ОБСЕ/ОДИХР, UN Women.

*Оваа збирка алатки е објавена со поддршка на Канцеларијата за демократски институции и човекови права на ОБСЕ (ОБСЕ/ОДИХР). Нејзината содржина не значи дека ја одразува политиката и позицијата на ОБСЕ/ОДИХР.*

Предупредување:
Овој документ беше првично објавен од страна на Центарот за управување со безбедносниот сектор (DCAF) од Женева, Канцеларијата за демократски институции и човекови права на ОБСЕ (ODIHR) и UN Women во 2020 година на англиски јазик како „Policy Brief: The 2030 Agenda for Sustainable Development, the Security Sector and Gender Equality".

Оваа верзија „Политика: Агендата 2030 за одржлив развој, безбедносниот сектор и родовата рамноправност" е неофицијален превод, обезбеден и објавен од страна на UNDP SEESAC со финансиска поддршка од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка и Министерството за ЕУ интеграции и надворешни работи на Република Словачка низ проектот „Зајакнување на регионалната соработка во вклучувањето на родовата перспектива во реформата на секторот безбедност во Западниот Балкан". Неговата содржина не секогаш ги одразува политиката и ставовите на ODIHR. Таму каде постојат разлики во текстот, Ве молиме да ја сметате оригиналната публикација на англиски јазик како дефинитивна и официјална верзија.

SEESAC

Norwegian Ministry of Foreign Affairs

MINISTRY OF FOREIGN AND EUROPEAN AFFAIRS OF THE SLOVAK REPUBLIC

RegionalCooperationCouncil

UNDP

Geneva Centre for Security Sector Governance